# НОВО ЦЕЛОСНО ОПРЕМЕНО УЧИЛИШТЕ ВО С.ТАРИНЦИ

Во завршна фаза се градежните активности на подрачното основно училиште "Страшо Пинцур" во с.Таринци.

Годината ја завршуваме со ново училиште, наскоро учениците ќе ги имаат сите услови за нормално одвивање на редовната настава во современ објект целосно опремен со нов училишен инвентар.

Важно е да вложуваме во образованието на младите бидејќи тие се нашата иднина !





# ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Новата година ја започнуваме со нов возен ред, збогатен со две нови дестинации, с.Козјак и с.Аргулица, кои се од суштинско значење за населението на нашата општина! Жителите на општина Карбинци во месец Јануари ќе имаат можност да користат јавен превоз два пати во текот на денот за време на работните денови.

Цените на билетите остануваат исти за граѓаните според досегашниот ценовник со тоа што за лицата кои ќе се превезуваат од с. Козјак и с. Аргулица ќе важат цените за с. Радање (90 - единечен/140 ден-повратен билет).

**НАШАТА ЗАЛОЖБА Е ДА ОВОЗМОЖИМЕ КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ И ВИСТИНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА НАШИТЕ ЖИТЕЛИ!**

# ОПШТИНА КАРБИНЦИ

## ГРАЃАНСКИ ИНФОРМАТОР



ДЕКЕМВРИ, 2023

www.karbinci.gov.mk

## СПОРТ И КУЛТУРА

Се одржа традиционален новогодишен настан во организација на БК „Киро Ристо" каде беа спомнати активностите и успесите на клубот во 2023 година.





## НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ

Новогодишниот концерт на играорната група "Тоска" ќе се одржи на 28.12.2023 (Четврток) со почеток од 18 часот во Домот на културата во с.Таринци!



Да ја заокружиме 2023 година со уште едно незаборавно дружење!
Повелете и уживајте!.

## НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА НАЈМАЛИТЕ

Магични моменти за дечињата од детската градинка „Кокичиња" и првооддленчињата од О.У. и П.О.У "Страшо Пинцур" во Општина Карбинци.



**ПОДАРУВАМЕ СО ЉУБОВ, СО ЖЕЛБИ ЗА ЗДРАВЈЕ, СРЕЌА И МНОГУ РАДОСНИ МОМЕНТИ ВО НОВАТА ГОДИНА!**




## ИЗГЛАСАН БУЏЕТОТ ЗА 2024

На седница на Советот на општина Карбинци едногласно е изгласан Буџетот на општина Карбинци за 2024 година, истиот е проектиран согласно потребите на граѓаните, развоен и насоечен кон капитални проекти. Нашата главна цел е општина Карбинци да продолжи да се развива, економијата да расте, а граѓаните да имаат подобар стандард!



**ОПШТИНА КАРБИНЦИ ВИ ПОСАКУВА**

СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ